Присутните студенти, гости и донатори ги поздрави Деканот на МФС проф. д-р Атанас Кочов и ректорот на УКИМ проф. д-р Велимир Стојковски, а потоа беа наградени најдобрите дипломирани студенти и најдобрите студенти по студиските години.

Најдобриот дипломиран студент Јованова Јована доби вредни награди: постдипломски студии од МФС, Инженерската Институција на Македонија и додели прстен, а Фондацијата Стамболиев на 24 мај ќе и ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС. Фондацијата Стамболиев парично ги награди и дипломираните студенти Арсов Дејан и Трајаноска Бојана.



## ПОСЕТА

На 25.02.2009 во посета на Машинскиот факултет пристигна генералниот директор на JETRO (јапонска надворешна трговска организација) господинот Хонда Масахиде и господинот Масару Хирано, консултант за економски односи со Јапонија од Агенцијата за странски инцвестиции во Македонија. Гостите ги примија доц. д-р Дарко Данев и вон. проф. д-р Јасмина Чалоска. На средбата се презентираа капацитете на Машинскиот факултет и можностите за јапонски инвестиции во Република Македонија. Гостите ги поздрави и деканот проф.д-р Атанас Кочов.

## ТЕМПУС ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА

По повод затворањето на проектот ТЕМПУС NSP-ME, Управниот одбор на проектот во текот на оваа недела одржува завршна конференција. На конференцијата присуствуваат Деан Вучинич, координатор на проектот, Шиме Маленица, Хрвоје Јасак, Жан-Мари Маршал и Тодор Нешков, како и претставници од Машинскиот факултет, предводени од локалниот координатор на проектот проф. д-р Милан Ќосевски. Иако ова претставуваше завршен состанок, сепак, гостите и домаќините се сложија дека ова е значаен чекор за понатамошна соработка помеѓу институциите вклучени во проектот

## СОРАБОТКА

Како резултат на успешната соработна на CIRKO, CEVIP (Центарот за вирутелно производство на Машинскиот факултет во Крагујевац) и фирмата SiMod добивме лиценца за софтвер за симулација на технологии на обработка со пластична деформација SIMUFACT forming. Софтверот е развиен за анализа и симулација на речиси сите апликации на обликување на материјали, независно од температурата, користената машина, материјалот на примерокот и вид на технологија. Покрај тоа, фирмата DS Iskra од Куманово донираше лиценца за софтверот StruCAD за статичка и динамичка анализа на челични конструкции. Се надеваме дека користењето на овие софтвери во наставниот процес ќе биде од големо значење особено за студентите на насоките ПИнф и МЗКИ.

## ПРЕДАВАЊЕ

На 17.02.2009 година во просториите на Машинскиот факултет во Скопје, се оддржаа серија на предавања од Универзитетот од Штутгарт, Германија. М-р Фабрицио Лопез де Силва оддржа предавање на тема: “Engineering Tools Applied to Biological System Simulation: Mechanics of Hearing”, додека дипл. инг Михаел Лауксман оддржа предавање на темите: “Investigation of the crashworthiness of a city bus at a side impact of a passenger car” и “Mechatronical devices for reconstruction of Hearing process”

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на февруари 2009 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Пом. асс. Бојан Јованоски во Грац, Австрија во завршна посета од MAKfoods проектот.
2. Проф. д-р Милан Ќосевски и проф. д-р Славе Јакимовски на службено патување во Бугарија.
3. Доц. д-р Дарко Данев, доц. д-р Виктор Гаврилоски и пом. асс. Гоце Тасевски на службено патување во Белгија и Германија во рамките на проектот ТЕМПУС JEP NSP-ME.
4. Доц. д-р Игор Ѓурков и доц. д-р Ристо Филкоски на службено патување во Германија и Белгија .
5. Вон. проф д-р Јасмина Чалоска на службено патување во Србија и Босна и Херцеговина.
6. Пом. асс. Иле Мирчевски на службено патување во Србија.
7. Проф. д-р Зоран Пандилов на службено патување во Словенија.
8. Проф. д-р Атанаско Тунески на службено патување во Турција.
9. Проф. д-р Татјана Кандикјан на службено патување во Србија

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**19.03.2009**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**26.03.2009**
**7 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2009, февруари, број 78**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ПРОМОЦИЈА

На 13.02.2009, во Амфитеатарот се одржа промоција на дипломирните студенти на МФ во текот на 2008 година:

- 8 магистри (VII-2 степен)
- 99 дипломирани машински инженери
- 8 машински инженери (VI-1 степен)
- 42 дипломирани студенти на Академски студии
- 25 дипломирани студенти на Професионални студии
- 19 дипломирани студенти на Интердисциплинарни студии

